ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0803 – 132/7**

**Дата: 28.10.2009**

**ДО**
**БИРО ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ- ОРГАН ВО СОСТАВ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Бирото за стоковни резерви за 2008 година, сметка за самофинансирачки активности кои се прикажани на страниците 6 и 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија.

3. Не е вршена ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи на Бирото за стоковни резерви за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија. Државниот завод за ревизија има извршено ревизија на финансиските извештаи за 2006 година и за истата е издаден извештај со мислење со резерва, за вистинитоста и објективност на финансиските извештаи, а негативно мислење за наменско и законско користење на средствата.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој Извештај, застапувано од:
   - Гордана Ивановиќ - директор на Бирото за стоковни резерви

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 03.07 до 04.09.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој Извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Од страна на Директорот на Агенцијата за стоковни резерви добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 05 – 992/2 од 14.10.2009 година, на точките 10.1.1, 10.1.2, 14.1, 14.2. и 14.3, при што делумно се прифатени забелешките на точките 10.1.2. и 14.3, додека не се прифатени забелешките на точките 10.1.1, 14.1. и 14.2.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилности во искажување на билансните позиции

11.1.1. Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 Ревизорски докази и 505 Екстерни конфирмации од страна на ревизијата испратени се конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на краткорочните финансиски побарувања. За ненаплатените краткорочни финансиски побарувања во вкупен износ од 779,267 илјади денари беа испратени 6 конфирмации во износ од 750,230 илјади денари кои опфаќаат 96% од побарувањата. Од испратените конфирмации до денот на ревизијата добиени се одговори од 3 комитенти (79 % од испратените конфирмации), од кои една конфирмација во износ од 336,735 илјада денари ја потврдува сметководствената состојба (45% од испратените конфирмации), две конфирмации во вкупен износ од 257,127 илјади денари не ја потврдија состојбата (34 % од испратените конфирмации), додека за 3 конфирмации во вкупен износ од156.368 илјади денари (21% од испратените конфирмации) не се добиени одговори.
Врз основа на изнесеното ревизијата не обезбеди доволно докази за реалноста и објективноста во обелоденување на состојбата на краткорочните финансиски побарувања. При формирањето на мислењето за вистинитоста и објективноста на Билансот на состојба, ревизијата има предвид дека повеќето од побарувањата комитентите не ги признаваат иако истите произлегуваат од договори склучени со Бирото.

11.1.2. Со увид во позицијата на Залихи во Билансот на состојба, ревизијата констатира дека во сметководствената евиденција сеуште се евидентираат стоки кои


*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311
*Овластен Државен ревизор*
----------------------------

потекнуваат од перидот кога со Закон не беше предвидено кои стоки имаат третман на стоковни резерви. Со новиот Закон е предвидено Владата на РМ во рок од шест месеци, односно до 27.12.2009 година овие стоки да ги продаде или да ги отстапи без надомест.
Во однос на овие залихи констатирано е дека со пописот извршен на 31 Декември не е извршено усогласување помеѓу сметководствената и фактичката состојба на истите, спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, што предизвикува нереална и необјективна слика на состојбата на средствата и изворите на Бирото.
Најголем дел од залихите кои се водат во сметководствената евиденција фактички не постојат, односно не се наоѓаат на залиха кај складиштарите:

- тутун, во висина од 378.410 илјади денари за кој Бирото нема донесено одлука за бришење од евиденцијата од повеќе причини и тоа:
  - нерешени судски спорови со складиштарите за утужените побарувања,
  - високата набавна цена по која се водат залихите која не е усогласена со пазарната цена и
  - калото и растурот кои реално постојат а не им се признаваат на складиштарите, заради отсуство на законска регулатива.

- овци и говеда во износ од 15.380 односно 28.586 илјади денари за кои Бирото нема донесено одлука за бришење од евиденцијата од повеќе причини и тоа:
  - дел од овците и говедата кои се продадени на рати не се искнижени од сметководствената евиденција поради погрешниот став на Бирото дека искнижувањето треба да се направи откако ќе се наплати последната рата,
  - дел од говедата сеуште неможат да се избришат од евиденција бидејќи за некои од складиштарите за говеда сеуште е во тек судска постапка поради утврден кусок и
  - за дел од говедата кои се наоѓаат на залиха во 2009 година донесена е Одлука на Владата за отстапување на истите без надомест заради расчистување на стоките кои не се опфатени со новиот Закон за стоковни резерви.

- вештачко губриво во износ од 4.887 илјади денари сеуште не може да се избрише од сметководствената евиденција бидејќи постои неусогласеност во евиденцијата на Бирото и складиштарот Инвестас.

Бирото за сите кусоци има искажано побарувања и за истите се водат судски постапки со складиштарите.
Во текот на ревизијата превземени се следните чекори:
- Доставено е писмо до Централниот регистар за добивање информации за статусот на одредени субјекти и врз основа на добиениот одговор извршено е расчистување на состојбата, односно избришани се од евиденција сомнителните и спорни побарувања кои неможат да се наплатат со цел реално да се прикаже вредноста на побарувањата.
- Искнижени се сите нефункционални стоки односно во книговодствената евиденција се евидентираат само стоковните резерви утврдени со Законот за стоковни резерви.

11.1.3. Со увид во извршениот попис на залихата на стоковните резерви, ревизијата констатира дека кај повеќето складиштари се утврдени кусоци. Голем дел од овие кусоци претставуваат загуби во поглед на хемиските и физичките својства на стоката

преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација кои според меѓународните стандарди се признаваат како расход во работењето. Со претходниот Закон за стоковни резерви не беше предвидено признавање на овој вид на загуба кај складиштарите, што доведува до нереално прикажување на состојбата на залихите како и расходи за судски спорови за утужување на складиштарите. Новиот Закон предвидува донесување интерен акт со кој ќе се пропише начинот и постапката за утврдување на загубите како и висината на загубите во работењето со стоковните резерви.
Ревизијата се информира дека во тек е процедура за донесување на Уредба за начинот за утврдување на максималните количини на загубите, во поглед на хемиските и физичките својства на стоката преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација во работењето со стоковните резерви, со кој ќе се надминат горенаведените проблеми.

**Препорака:**

Ревизијата е на мислење дека листата на стоковните резерви треба да се прошири со вода и кондиторски производи како производи од исклучително значење за животот на населението во случај на воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди како и во услови на природни катастрофи.

12. Според наше мислење, поради наодите изнесени во точката 11.1. погоре, финансиските извештаи на Бирото за стоковни резерви за 2008 година невистинито и необјективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот од финансиските активности во однос на важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

14. Преземени се мерки од страна на субјектот за дел од препораките и мерките на ревизорскиот извештај на финансиските извештаи за 2006 година во однос на јавните набавки и продажбата на стоковните резерви.

**15. Ревизијата е на мислење дека е потребно да се обелодени следното:**

1. Според Законот за стоковни резерви годишната програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви, треба да содржи податоци за: вид, количина и вредност на стоките во стоковните резерви, роковите и начинот на обновување на истите. Меѓутоа, Годишната програма за 2008 година не ги содржи потребните податоци за количината и вредноста на стоковните резерви (освен за готварската сол), со што се доведува во прашање функционирањето на Бирото за стоковни резерви. Во услови кога не се дефинирани количините на стоковните резерви не може да се спроведе усогласување на фактичката со сметководствената /потребната количина.

2. Со увид во материјалната евиденција на стоковните резерви, констатирано е дека Бирото располага со лекови и медицински потрошен материјал за кои ревизијата не можеше да се увери дека се од исклучително значење за животот на населението. Имено, согласно Програмата за формирање, чување, обновување и користење на стоковите резерви Министерството за здравство-Биро за лекови треба да изготви листа на неопходни лекови и медицински потрошен материјал за стоковните резерви. И покрај тоа што со заклучок на Владата во 2006 година се задолжува Бирото за лекови да изготви единствена листа на лекови и медицински потрошен материјал кои ќе обезбедат ефикасна заштита на населението во

земјата во мирнодопски и воени услови, до денот на ревизијата листата не беше изготвена. Без оформена листа постои можност да не се обезбедат лекови од стратешко значење согласно Законот за стоковни резерви како и можност за фаворизирање на одредени производители на лекови и набавка и чување на нефункционални залихи.

**Препорака:**
Министерството за здравство-Биро за лекови во најкус можен рок да постапи согласно заклучокот на Владата, односно да изготви листа на неопходни лекови и медицински потрошен материјал за стоковните резерви.

3. Со увид во залихата на нафтата и нафтените деривати, ревизијата констатира дека количините на дериватите со кои располага Бирото се помали од предвидените со Законот, како што е случај со мазутот. Имено, со Одлука на Владата на Република Македонија во 2007 и 2008 година отстапена е залиха на мазут на ТЕЦ Неготино. Во меѓувреме спроведена е постапка за јавна набавка на која не се добиени понуди од економските оператори, а со Ребалансот не се одобрени финансиски средства за повторување на постапката со што Бирото не извршило обновување на овие залихи. Ваквата состојба на залихата на стоковните резерви доведува до ризик Бирото да не ја исполни својата основна функција.

**Препорака:**
Имајќи предвид дека во новиот Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати е предвидено формирањето на задолжителната резерва да се врши со одредена динамика согласно среднорочната и годишната програма, ревизијата е на мислење истото да се предвиди и за останатите стоковни резерви во Законот за стоковни резерви со што ќе се остави законска можност Бирото да не располага со максималната потребна количина на залиха во одреден момент.

Скопје, 27/10/2009 година



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*
----------------------------

**Биро за стоковни резерви**
**Сметка за самофинансирачки активности**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

**во 000 денари**

| Опис | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 1,149,676 | 666,752 |
| **Вкупно приходи** | **1,149,676** | **666,752** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 1,616 | 3,176 |
| Каматни плаќања | 0 | 6,130 |
| Субвенции и трансфери | 46 | 61 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1,662** | **9,367** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 584,069 | 243,081 |
| **Вкупно капитални расходи** | **584,069** | **243,081** |
| **Отплата на главнина** | **0** | **11,352** |
| **Вкупно расходи** | **585,731** | **263,800** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **563,945** | **402,952** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

**Биро за стоковни резерви**
**Сметка за самофинансирачки активности**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис** | **2008** | **2007** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 563,945 | 402,952 |
| Побарувања | 203,517 | 565,151 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4,555 | 540 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 779,267 | 1,350,443 |
| Побарувања од државата и други институции | 21 | 46,135 |
| Активни временски разграничувања | 1,435,158 | 1,612,756 |
| Залихи | 4,037,688 | 3,782,107 |
| **Вкупно тековни средства** | **7,024,151** | **7,760,084** |
| **Други средства** | 1,027,362 | 0 |
| **Вкупна актива** | **8,051,513** | **7,760,084** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 564,320 | 687,211 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 663 | 657 |
| Краткорочни финансиски обврски | 5,971 | 12,544 |
| Обврски спрема државата и други институции | 395 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 2,301,050 | 3,150,612 |
| **Вкупно тековни обврски** | **2,872,399** | **3,851,024** |
| **Долгорочни обврски** | 114,065 | 126,953 |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 5,065,049 | 3,782,107 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **5,065,049** | **3,782,107** |
| **Вкупна пасива** | **8,051,513** | **7,760,084** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*
----------------------------